Биотек 1
ДОО Друштво за промет и услуги, експорт-импорт,
Бр. 08-02/1/03-01 2023 год.
СКОПЈЕ

Јавна здравствена установа
Institucioni shëndetit Publik
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
KLINIKA UNIVERSITARE E NEUROLOGJISË
Бр.-Nr. 0307-358/1
13.03 /20 23

# ДОГОВОР

ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ
склучен помеѓу следните ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУ Универзитетска клиника за Неврологија Скопје**, со адреса на ул.Водњанска 17 Скопје, телефон за контакт 02-3111-904 застапуван(о) од медицински директор Др. Иван Барбов и организациски директор Др.Алајдин Хавзиу во понатамошниот текст (**Набавувач**) од една страна,

и

2. **Биотек ДОО Скопје** , Адреса: ул. Загребска 28в застапувана од управителот:
Одговорно лице:Анкица Синадинова Базерко , **ЕМБС: 5283965**
(во понатамошниот текст „Носител на набавката - добавувач) од друга страна.

**I. ДЕФИНИЦИИ**

Член 1

Овој Договор се склучува врз основа на спроведената постапка за набавка на **РЕАГЕНСИ И ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЛАБОРАТОРИЈА** од Понудувачот кој е прифатен како најповолен според критериумите за доделување на Рамковна спогодба, во согласност со Оглас 15796/2022.

Овој Договор преставува обврска на Нарачателот за извршување на работите од страна на Извршителот. Обврската настанува кога ќе се склучи овој единечен договор за јавна набавка врз основа на склучената Рамковна спогодба број 0307-1163/1 од 31.10.2022 година.

**II. ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

Член 2

Предмет на овој Договор за јавна набавка се следните стоки реагенси и потрошен материјал за лабораторија (прилог Техничка спецификација).

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Спогодбата е Македонскиот јазик.

**III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 4

Вкупната вредност на Договорот е **142.091,80** денари без 5 и 18% ДДВ, вкупно ддв 5 и 18% **9.044,20** ,односно **151.136,00** денари со 5 и 18% ДДВ, согласно доставените фактури изработени од **Биотек ДОО Скопје.** Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги .

**IV. ПРАВА И ОБВРСКИ**

Член 5

Во текот на периодот на важност на Договорот, Набавувачот е должен да го извести Добавувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот. Набавувачот е должен без одлагање да го извести Добавувачот за зголемување на ризикот од навремено плаќање на фактурите.

Член 6

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните странки), обврските од оваа Спогодба се пренесуваат на новиот субјект се до истекот на времето за кој е склучена.

**V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 7

Договорот важи до завршување на работите согласно со Рамковната спогодба која е склучува на определено време за период од 1 година .

**VI.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 8

- Се регулира со член 13,14 и 15 од Договорот.

**VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ**

Член 9

Избраниот понудувач е должен да изготви техничка спецификација и да ги изврши бараните услуги ***веднаш*** по ***барање*** и ***на начин*** кој дополнително ќе се урврди со склучување на Договор за конкретно утврдените услуги,а во согласност со склучената Рамковна спогодба.

**VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 10

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши 60 дена по доставена фактура, за извршените работи и тоа:

**Вкупно: 151.136,00 денари**

Добавувачот гарантира дека фактурите се изработени согласно со описот и цените прифатени во Рамковната спогодба.

**IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски ја раскинува Спогодбата, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**X. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 15

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 16

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност Рамковната спогодба и со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 17

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот

ДОБАВУВАЧ :

**Биотек ДОО Скопје**

Анкица Синадинова Базерко

НАБАВУВАЧ:

ЈЗУ Универзитетска клиника за Неврологија

Д-р.Иван Барбов — Медицински Директор

D-r.Alajdin Havziu — Organizaciski Direktor

Спецификација на требувани количини:

| Дел 1 | Реагенси и потрошен материјал за биохемиски анализатор "Beckman Coulter AU480" | | |
|---|---|---|---|
| | Опис на производот | единица мерка | доставени количини |
| 1 | РЕАГЕНС ЗА ГЛУКОЗА 150 ml (2440) | ml | 37,5 |
| 2 | РЕАГЕНС ЗА УРЕА/БУН 200ml (2480) | ml | 50 |
| 3 | РЕАГЕНС ЗА КРЕАТИНИН 408 (3960) | ml | 204 |
| 4 | РЕАГЕНС ЗА ВКУПНИ ПРОТЕИНИ 200 (3000) | ml | 100 |
| 5 | РЕАГЕНС ЗА АЛБУМИН 116 (2480) | ml | 87 |
| 6 | РЕАГЕНС ЗА ЛДХ 240 (2560) | ml | 60 |
| 7 | РЕАГЕНС ЗА ТРИГЛИЦЕРИДИ 100 (1160) | ml | 25 |
| 8 | РЕАГЕНС ЗА АСТ/ГОТ 48 (840) | ml | 48 |
| 9 | РЕАГЕНС ЗА АЛТ/ГПТ 72 (840) | ml | 36 |
| 10 | РЕАГЕНС ЗА АЛП 96 (1240) | ml | 48 |
| 11 | РЕАГЕНС ЗА ГГТ 144 (1000) | ml | 72 |
| 12 | РЕАГЕНС ЗА ЦК 128 (920) | ml | 128 |
| 13 | РЕАГЕНС ЗА КАЛИУМ 8000 (1785) | ml | 4000 |
| 14 | РЕАГЕНС ЗА ЛАКТАТИ 40 (220) | ml | 20 |
| 15 | СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ 6x2000 | ml | 8000 |
| 16 | ЧАШКИ ЗА ПРИМЕРОЦИ ЗА БЕКМАН КУЛТЕР..... | парче | 1000 |
| 17 | ХАЛОГЕНА ЛАМПА 12 V/20 W 50W за биохемиски анализатор "Beckman Coulter AU480" или еквивалент | парче | 1 |

| Дел 2 | Тестови, реагенси и потрошен материјал за апарат "VIDAS PC" | | |
|---|---|---|---|
| | Опис на производот | единица мерка | доставени количини |
| 1 | Тест за квантитативно одредување на D-dimer II (exclusion) апликативен на апарат "VIDAS PC" или еквивалент 60Т | тест | 30 |

Доставени фактури:

| Р.бр. | Име на добавувач | Дата на фактура | Број на фактура | опис на предмет на набавка | Дата на валута | Износ на фактура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Биотек | 01.03.2023 | 23-310-001347 | реагенси | 30.04.2023 | 2.264,00 |
| 2. | Биотек | 14.02.2023 | 23-310-000981 | реагенси | 15.04.2023 | 34.924,00 |
| 3. | Биотек | 23.01.2023 | 23-308-000027 | реагенси | 24.03.2023 | 15.508,00 |
| 4. | Биотек | 20.01.2023 | 23-310-000296 | реагенси | 21.03.2023 | 98.440,00 |
| | | | | | | ***151.136,00*** |